3.2.2 Реализација на стручното усовршување	• Разгледување на понудите на обучувачите од понудената листа во каталогот или провајдерите • Контакт со консултантска куќа за избор на обучувач • Контакт со претходни клиенти • Избирање на обучувач кој ќе ја изведува обуката • Изведување на обуката • Мониторинг на обуката • Евалуација на обуката	Марија Филиповска - психолог Проф.Мимоза Христова проф.Лидија Трајкова-агроном проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном	Кабинет или ндвор од училиштето Комплет обучувачки материјал компјутер печатач Видео бим Флит чет табла	Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката како и избраниот провајдер	Тековно	Изведени обуки Подобрени знаења и вештини Подобрување на тимската работа	Евалвациони листи од обуката Материјал од обуката Изработените вежби Сертификати на учесниците
3.2.3 Десиминација на знаењата помеѓу наставниците	Подготовка за десиминација Обезбедување услови за обуката во колективот	Проф.Мимоза Христова проф.Илија Петровски	Кабинет Комплет обучувачки материјал	Реалните трошоци ќе се прикажат	тековно	Изведени обуки Подобрени знаења и	Евалвациони листи од обуката Материјал од

	Реализација на десиминацијата Евалвација на десиминацијата и научените лекции Проверка за примена на наученото во пракса од страна на обучувачите-ментори	проф.Иванова Живка -агроном проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Лидија Трајкова-агроном Наставници опфатени со примарната обука - десеминатори	компјутер печатач Видео бим Флит чет табла	според бројот на учесници и видот на обуката		вештини Подобрување на тимската работа	обуката Изработените вежби Сертификати на учесниците

7. План за евалуација на акциските планови

Следењето и евалуацијата на активностите од еколошката програма ке се реализира преку анализа на подобрување на условите за работа преку акции за рециклирање и собирање на средства за уредување на училишниот двор, разубавување на училниците преку фотографии пред и по акцијата за разубавување и други индикатори кои ќе ги покажат постигнатите ефекти од реализација на еколошката програма со крајна цел подигање на еколошката свест .

8. Календар за работа

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во јавните средни училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2024/2025 година.
Учебната година во јавните средни училишта започнува на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година. Наставната година започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршната година од гимназиско образование, стручно образование со четиригодишно и тригодишно траење на образованието, уметничко образование и средно стручно образование за ученици со посебни образовни потреби за кои редовната настава завршува на 16 мај 2025 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.
Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 30 декември 2024 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.
Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.
За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во јунскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат матурски интерни и завршни испити.

За учениците од став 1 на овој член, јавните средни училишта во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината и дополнител ни испити.

За учениците од став 2 на овој член, полагањето на поправните испити, испитите на годината и дополнителните испити во мајската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 19 мај до 30 мај 2025 година.
За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во августовскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 16 јуни до 25 јуни 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината и дополнителни испити.

За учениците од став 4 на овој член, полагањето на поправните испити, испитите на годината, дополнителните испити и испитите за побрзо напредување во јунската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 16 јуни до 25 јуни 2025 година.

Јавните средни училишта во времето од 12 јуни до 25 јуни 2025 година и од 11 август до 20 август 2025 година за учениците од прва, втора и трета година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.
За учениците од став 6 на овој член, полагањето на поправните испити, испитите на годината, дополнителните испити и испитите за побрзо напредување во јунската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 12 јуни до 25 јуни 2025 година, а во августовската испитна сесија ќе биде организирано во времето од 11 август до 20 август 2025 година.
Екстерните испити од државната матура во гимназиското образование и четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 31 мај 2025 година со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 11 јуни 2024 година, со почеток во 10 часот.

За учениците од став 1 на овој член, кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во гимназиското образование и четиригодишното стручно образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во гимназиското образование и четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 12 август 2025 година со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.

Екстерните испити од државната матура во уметничкото образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 31 мај 2025 со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, филозофија, односно естетика на 11 јуни 2025 година, со почеток во 10 часот.

За учениците од став 3 на овој член, кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во уметничко образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во уметничко образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во
август во следните термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 12 август 2025 година со почеток во 10 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик, филозофија, односно естетика на 14 август 2025 година, со почеток во 10 часот.

Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:
- во јунскиот испитен рок во периодот од 17 јуни до 27 јуни 2025 година и
- во августовскиот испитен рок во периодот од 15 август до 20 август 2025 година.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско образование, средно стручно образование и уметничко образование се реализира во
периодот од 1 април до 15 мај 2025 година и од 19 август до 26 август 2025 година.

Училишната матура во гимназиското образование, училишната матура во уметничкото образование и завршниот испит во четиригодишното стручно образование се спроведуваат во два испитни рока, и тоа: јуни и август.

Во јунскиот испитен рок:
- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 13 јуни 2025 година со почеток во 10 часот.
Во августовскиот испитен рок:
- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 15 август 2025 година со почеток во 10 часот.
Испитот од изборниот дел на училишната матура во гимназиското и во уметничкото образование, испитот од изборниот дел на завршниот испит во четиригодишното стручно образование и проектната задача се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии, и тоа:
- во јунскиот испитен рок во времето од 16 јуни до 25 јуни 2025 година и
- во августовскиот испитен рок во времето од 15 август до 20 август 2025 година.
Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско образование, средно стручнообразование и уметничко образование се реализира во периодот од 1 април до 15 мај 2025 година и од 19 август до 26 август 2025 година.

Завршниот испит во тригодишното стручно образование се спроведува во три испитни рока, и тоа: јуни, август и јануари.
Во јунскиот рок:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 13 јуни 2025 година со почеток во 10 часот.
Во августовскиот рок:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 15 август 2025 година со почеток во 10 часот.
Во јануарскиот рок - за време на зимскиот одмор на учениците.
Индивидуалната практична работа во тригодишното стручно образование се спроведува во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии.
Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
Во текот на наставната година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 166 наставни денови, а за сите останати години на образование се остваруваат најмалку 180 наставни денови.
На денот на училиштето се организираат културни,спортски и други манифестации.
Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.
Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.
За учениците коишто не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.
Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците.

Еколошки календар

Ден	**Настан**
5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
Тековно преку целата учебна година активно учество на сите еко акции организирани од заедницата.	

9. Настава

РЕДОВНА НАСТАВА:

Наставата како најважен сегмент од воспитно - образовната работа во училиштето ќе биде предмет на континуирано следење. Следењето на наствата ќе се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваат сите субјекти кои непосредно ја реализираат: в.д.директорот, социологот, психологот, меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наствата во Училиштето како на теоретската така и на практичната настава се одвива со примена на компјутерски опремените училници. Во секоја училница е поставен ТВ-приемник за визуализација на наставата.

Со цел најновите сознанија на науката, методиката, производството, да се доближат до нашите ученици, Училиштето ќе направи напори да покани разновидни стручњаци, професори од универзитетите од Р.С. Македонија и други гости. Овие гости ќе реализираат настава и предавање преку часовите за редовна и додатна настава и за консултации со нашите наставници.

И оваа учебна година ќе продолжи следењето на наставата од страна на в.д.директорот, училишниот социолог и училишниот психолог, што треба да придонесе кон поквалитетна подготовка и реализација на наставата.

За унапредување на наствата треба да придонесат и стручните активи, треба да бидат поактивни во својата работа, во доменот на организирање на квалитетна настава, следење и оценување на учениците.

Наставниците се должни да изработуваат нови глобални, тематски и дневни подготовки во кои ќе ги вградуваат и запазувањата од реализацијата на наставата во минатата учебна година.

Од оваа учебна година, со цел доближување на нашето училиште до учениците од основните училишта, наставниците по стручни предмети се должни два пати во текот на наставната година (по еднаш во секое полугодие) да комбинираат заедничка наставна единица со компатибилни наставници од основните училишта.

Активен носител на унапредувањето и согледувањето на наставата, резултатите од наставата се и Советот на годината кој еднаш месечно ќе одржува состаноци на кои ќе се разгледуваат разновидни прашања и проблеми, како и тромесечно разгледување на успехот, поведението и превземање на педагошки мерки.

Исто така активно учество во следењето на наставата ќе земе и Наставничкиот Совет во донесувањето на одлуки и други активности околу програмата за работа и друго.

Согласно насоките на Министерството за образование и наука, а со цел подобрување на квалиетот на наставата, предвидени се и следниве активности:

- креирање на електронска (on-line) колаборативна платформа со прашања и предлози;
- креирање профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи за комуникација меѓу наставниците, учениците и нивните родители;
- да поставуваат (или посочуваат) линкови до наставни материјали, електронски содржини кои што би се користеле во наставата;
- да предлагаат иновации во наставните програми за средно образование;
- да предлагаат теми за обуки кои ќе ги доставуваат до Тимот за професионален развој на наставниците во училиштето;
- задолжително планирање и реализирање на „нагледни часови" кадешто наставниците вршат меѓусебна посета на часовите, со цел размена на нови методи и техники за работа;
- редовни консултации за подобрување на дневните, тематските и годишните планирања и останата педагошка евиденција;
- зајакната улога на стручната служба: пример два пати во годината предавање од дефектологот, психологот;
- назначување на стручните активи како одговорини за on-line дискусионите групи во училиштето;
- десеминација на посетени семинари, обуки и слично.

Вид на настава

Наставата е основна и најширока форма преку која се остварува воспитанието и образованието во СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола. Наставата ги опфаќа сите посебни и заеднички активности на учениците и наставниците во совладувањето на програмските воспитно - образовни содржини од земјоделско-ветеринарната струка. Во училиштето се изведува настава за редовни ученици, како и настава за вонредни ученици кои се запишуваат во нашето училиште.

Видот на наставата, во зависност на содржините предвидени со наставните планови и програма ќе се изведува како:

- теоретска настава
- учење преку работа кај работодавец
- разни видови на образовна практика за земјоделската и ветеринарната струка која е задолжителна за учениците, а по потреба се организира и факултативна настава.

Организација на редовната настава

Наставта во Училиштето ќе се изведува како:

- Редовна настава која е задолжителна на сите ученици и во која паралелно со обработката на воспитно-образовните содржини се врши и следење и оценување на учениците;

- Дополнителна воспитно-образовна настава:
  - додатна и дополнителна настава
  - консултативна настава и
  - индивидуална настава

  Практичната настава во училиштето за сите профили се вклопува во редовниот распоред за часовите.

Во оваа учебна година и практична работа, т.н. учење преку работа кај работодавач, за учениците од втора година ќе биде во партнерската компанија ЗК Пелагонија, а за учениците во трета година во партнерската компанија СИНПЕКС..

Феријалната практика ќе се изведува за време на летниот одмор на учениците по програма изработена од стручните активи.

Диференцијални испити за учениците кои се запишуваат во Училиштето од други училишта или кои ги менуваат профилите ќе се организира и изведе сесија во месец Септември, Октомври, Ноември и Декември.

Наставата во Училиштето се одвива во една смена во 15 училници и 5 кабинети и 1 лабораторија со што ги опфаќа редовните теоретски часови со почеток од 7^{15} часот. Часот трае 45 минути. Реализирањето на практичната настава, индивидуалната настава по потреба се изведува во попладневна смена, по посебен распоред. Како задолжителен јазик во училиштето се изучува англискиот јазик.

Поделба на класно раководство

Клас	**Класен раководител**
I - 1	Лидија Трајкова
II - 1	Зоран Каранфиловски
II - 2	Владимир Илиевски
III -1	Иванова Живка
III -2	Мимоза Христова
IV -1	Нада Христова
IV -2	Душанка Соколовска

Изборна настава

Изборните предмети се застапени и во стручното образование. Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научните области за кои се определиле. Обемот на изборните програми постепено се зголемува од втора до четврта година. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. Учениците од прва година и нивните родителите на почетокот на учебната година се информираат со Наставниот план, односно наставните предмети кои ќе ги изучуваат во тековната година, како и со листата на изборни предмети. На третата родителска средба родителите уште еднаш се потсетуваат на листата изборни предмети. Учениците во мај се анкетираат и избираат еден предмет од листата. На ист начин се реализира и изборот на подрачје и комбинација со учениците во втора година.

Техничар за фитомедицина

Предмет	**3 година**	**4 година**
Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити		
Биологија	2 – 72/4	2 – 66/4
Интегрална заштита во полјоделство	2 – 72/4	2 – 66/4

Техничар по ветеринарна медицина

Предмет	**3 година**	**4 година**
Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити		
Биологија и патологија на диви и егзотични животни	2 – 72/4	
Биологија и патологија на риби и пчели	2 – 72/4	
Итна ветеринарна помош		2 – 66/4
Ветеринарна заштита на домашни миленици		2 – 66/4

Агротехничар

Предмет	**3 година**	**4 година**
Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити		
Биологија	2 – 72/4	2 – 66/4
Органско растително производство	2 – 72/4	
Бизнис и претприемништво		2 – 66/4

Техничар за агроменаџмент

Предмет	**3 година**	**4 година**
Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити		
Математика	2 – 72/4	/
Агротуризам	2 – 72/4	/

Дополнителна настава

Во Училиштето овој вид на настава ќе се организира за учениците кои од разни причини ќе покажат слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Оваа наставна ќе се организира во текот на учебната година и тоа: после првиот месец и понатаму по извршената анализа и според покажаниот резултат, секој наставник е должен да организира дополнителна нстава како потребна помош кај одреден број ученици кои покажуваат слаби резултати. Дополнителната настава ќе се изведува по посебен распоред од страна на предметните наставници во склопот на 40-часовното работно време, во попладневна смена.

Додатна настава

Додатната настава ќе се организира за ученици што имаат посебни способности и интереси за определени научни и наставни содржини, или дисциплини. Основна цел е експонирање и системска работа со надарени и талентирани наши ученици.

Посебно е важно за Училиштето да се развие додатна настава од областа на Екологијата и човековата средина и производство на здрава храна, која има светски призната вредност.

Носители на оваа настава ќе биде предметниот наставник по биологија со вклучување и на други институции, еколошки друштва и друг стручен кадар од Училиштето.

Консултативна настава

Овој вид на настава ќе се организира за учениците на крајот на наставната година кои покажале незадоволителен успех по одделни содржини и се упатени на поправен испит, вонредни ученици, ученици кои на крајот или на почетокот ја менуваат струката, за полагање на диференцијални испити за други профили.
Наставата ја реализираат предметните наставници во склоп на работното време.

Индивидуални програми за работа со талентирани деца и деца со посебни образовни програми

Изработени се соодветни програми за работа со посебно талентираните деца со цел да се постигне напредок кај истите и да се ангажираат надвор од наставната програма, со цел да се прошират нивните знаења.

Исто така пак, за деца со пречки во развојот изработени се и посебни програми за работа со истите со цел да им се прилагоди наставата на истите според нивните способности.

Учење преку работа кај работодавч

Учење преку работа кај работодавч како практичната настава како посебен предмет се изучува во трета и четврта година и тоа по наставни часа:

Земјоделско-Ветеринарна струка		II	III	IV
	Техничар по ветеринарна медицина	/	4	5
	Агротехничар	3	/	5
	Техничар за фитомедицина	/	4	5
	Техничар за агроменаџмент	/	4	/

Истата ќе се организира паралелно со стручно-теоретската настава за сите образовни профили во Училиштето и ќе биде во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Практичната настава ќе се реализира во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Исто така, за учениците од втора, трета и четврта година, предвидено е практичната настава да ја изведуваат кај работодавач, под менторство на лице од работодавачот и наставник од училиштето.

Практичната настава се изведува по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките и се очекува подобар квалитет во наставата и ќе се изведува во смени.

Исто така, дел од практичната настава ќе се изведува во соработка со ветеринарни станици во Битола, ЗК Пелагонија, ЈП Комуналец, Синпекс ДОО, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварска фарми Новаци, Ветеринарен институт, Земјоделски факултет - Скопје, Институт за Сточарство, Агенција за подтикнување на развојот на земјоделието, Ветеринарен и Факултет за биотехнолошки науки - Битола, Државната агенција за развој на индивидуалното земјоделие,, Х.М.С. Стрежево како и

со други приватни сродни претпријатија, приватни стопанства, по подготвен план на в.д.директорот и стручните активи.



Феријална пракса

Феријалната пракса, според својата функција, организација и содржина, е еден вид учење преку работа и ќе се изведува кај компании со кои се склучени соодветни трипартитни договори.

Кај техничкото образование со четригодишно траење феријалната пракса е застапена во времетраење од 5 до 20 дена. Кај техничкото образование со четиригодишно времетраење во 2021 г. направена е измена на постојните реформирани квалификации во однос на учењето преку работа кај работодавец и на феријалната пракса, како резултат на барањата на компаниите и на нивното изјаснување дека овие две форми на практично образование учениците ќе може да ги реализираат кај нив.

Во наставните планови за овие квалификации е ставено дека феријалната пракса во I (прва) година се реализира минимум 10 дена, во II (втора) година се реализира минимум 20 дена, а во III (трета) година се реализира минимум 20 дена.

Феријалната пракса не е застапена единствено во завршните години.

Содржини програмирани од училиштето

Содржини програмирани од училиштето (според реформираното техничко образование – модуларни наставни програми) и оваа учебна година се реализираат во I, II, III и IV година. Тие се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел. За слободните часови на училиштето се изготвува програма по која ќе се реализираат избраните содржини.

Слободните активности според насоките за програмирање, организирање и реализирање на слободните часови на училиштето предложена од БРО можат да се изберат од следните подрачја:

- Мир, толеранција и заштита;
- Урбана култура;
- Култура на здраво живеење;
- Природни науки;
- Претприемништво и бизнис;
- Стручни предмети од областа на ветеринатa, поледелството и сточарството;
- Менаџмент и бизнис;
- Кариерен развој;

Учениците согласно нивните желби и афинитетети на почетокот на оваа учебна година ќе изберат по кои предмети ќе имаат слободни часови.

Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Во планирањата на секој наставник ќе се имплементираат четирите еко кодекси и новите еколошки содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, децата, вработените и поширокатa заедница добиваат знаења за

конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата.

Употреба на ИКТ во наставата

Во планирањата на секој наставник ќе се инплементира примената на ИКТ во наставата по теми соодветно.

10. Оценување

Видови оценување и календар на оценување

Постигнувањата на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усмено оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

УСНО ОЦЕНУВАЊЕ: Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини, разбирање и сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

Бројната оценка се утврдува на следниот начин:

Оценка доволен (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

Оценка добар (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

Оценка многу добар (4) - занењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

Оценка одличен (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на проблеми со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ: После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена (2), од 50% до 70% следи оцена (3), од 70% до 85% оцена (4) и од 85% до 100% оцена (5).

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на секое тромесечие, првото полугодие и на крајот на учебната година.

Тим за следење, анализа и поддршка

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.

Во следењето и одлучувањето по ова прашање ќе се вклучат стручните органи во Училиштето (Советот на паралелките, Советот на годината, Наставничкиот совет, стручните активи) во рамките на своите компетенции.

Цел

Подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на нивото на мотивираност на учениците за постигнување знаења и вештини преку оценување усогласено со процедурите за оценување на ниво на училиште

Задачи и активности	**реализатори**	**Целна група**	**ресурси**	**инструменти**	**Следење повратна информација**	**Временска рамка**	**Критериуми за успех**
1.Планирање на оценување во форма на Анекс во рамките на Годишната програма за работа на училиштето и Тематските процесни планирања на наставниците	В.д.директор Тим за оценување Стручни активи Наставни-ци индивидуално	В.д.директор Психолог Наставници Родители Ученици	Закон за средно обр; Упаство за оценување на учениците во средно училиште; Развојно планирање; Наставен план; Наставни програми	-Модел со примена на стандарди за оценување -листа за проверка	-Усвојување на годишна програма-АНЕКС од страна на УО -Усвојување на планирања на наставниците од страна на в.д.директорот	Континуирано во тек на учебната година	Изработена Годишна програма за работа во која се креира, поддржува и промовира училишното планирање на оценувањето Изработка на анекс
2.Изготвување на критериуми за оценување на ниво на стручни активи	Наставници - индивидуално Стручни активи	Наставници	Стандарди за оценување Стручна литература; Наставни програми; Блумова таксономија		Фокус група-стручен актив Записник	Континуирано во тек на учебната година	Изготвени критериуми од страна на секој наставник, усвоени од стручен актив и наставнички совет
3.Подготовка на инструменти за следење и оценување на учениците и календар за интерно оценување	Наставници - индивидуално Стручни активи	Наставници	Изготвените критериуми за оценување Стручна литература; Наставни програми;		Анализа на инструментит подготвени од наставниците	Континуирано во тек на учебната година	Подготвени и применети инструменти за следење и оценување на учениците

4.следење, анализа и вреднување на изготвените критериуми и инструменти	Тим за оценување, В.д.директор, социолог	Наставници	Изготвените критериуми и инструменти	Анкети за ученици, родители и наставници, Евидентни листи, Листи за проверка, Портфолио на ученици	Набљудување на час, демонстрација на час,презентација на резултатите пред Совет на родители, наставнички совет и УО	Континуирано во тек на учебната година	Објективно оценуваање, усогласеност на критериумите на наставниците при оценување
5. Усвојување на етички кодекс за оценување за наставниците, родителите, учениците	Класен раководител, Тим за оценување, В.д.директор, психолог	Наставници, родители, ученици	Изготвен етички кодекс за оценување, постер, брошура, календар за кодексот	Прашалник за наставници, ученици, родители	извештаи за работата – записник од класни раководители, сумирани листи за анализа на ситуации, фотографии	Почеток на школска година	Почитување и примена на етичкиот кодекс од страна на наставниците, учениците, родителите
6.следење и ревизија на примена на етичкиот кодекс за оценување	Класен раководител, Тим за оценување, В.д.директор, психолог	Наставници родители, ученици	Етички кодекс	Прашалник за наставници, ученици, родители, извечтај од оценувањето	Следење и споредба на оценувањето на предходната со наредните две години	Во тек на учебната година	Споредба на успехот со резултатите од екстерното оценување и државната матура

Во следењето и одлучувањето по ова прашање ќе се вклучат стручните органи во Училиштето (Советот на паралелките, Советот на годината, Наставничкиот совет, стручните активи) во рамките на своите компетенции.

Учениците од СОЗУ „Кузман Шапкарев" ќе земат активно учество на сите натпревари од земјоделската и ветеринарната струка, од општински и од државен карактер.

11.Вон-наставни активности

Училишен спорт

Одговорните наставници ќе изработат програми за работа, ќе ги подготвуваат учениците за учество на спортски настани, турнири, натпревари и слични настани.

Еве кои се предвидените активности за оваа година:

• Есенски крос • Пинг-понг / Младинци и младинки • Мал фудбал /младинци • Ракомет /младинци и младинки • Кошарка /младинци и младинки • Натпревари меѓу класовите / во сите спортови • Атлетика /младинци и младинки • Пролетен крос /младинци и младинки • Преглед и мерење на физичките способности на учениците • Одбојка /младинци и младинки	Септември Декември, Февруари април

Слободни ученички активности

Како еден од начините на индивидуализација на воспитно - образовниот процес, за негување и формирање на способностите на учениците, Училиштето со целукупниот кадар ќе биде на располагање во создавањето на услови за овој вид на активности доколку бидат предложени од страна на учениците или нивни други форми на организации. Оваа активност ќе се поддржи иако не е во контекст со тесните содржини во временски период по завршување на наставата или во сабота.

Во слободни ученички активности со културно-забавен и спортски карактер ќе работат:

- Литературна и рецитаторска
- Спортско друштво
- Еколошка
- Соработка со народен театар - битола, домот на културата и армијата на Р.С.Македонија
- Соработка со музеј-битола
- Спортска активност по повод денови на франкофонијата.

Ученички натпревари

Во текот на учебната година во рамките на додатната настава наставниците ќе ги подготвуваат заинтересираните ученици за учество на сите општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари. Училиштето ќе ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи.

Општествено - хуманитарна работа

Во рамките на оваа активност се предвидува учениците од Училиштето да бидат вклучени во активности околу уредување на градските паркови и шуми во соработка со Собранието на општината, ЈП „Комуналец", како и да бидат вклучени во активности во ЗОО. Исто така се планира и вклучување во берба на есенски култури доколку се побара услуга од нашето Училиште од други субјекти.

Еко- патроли

Во текот на цела година ќе се формираат списоци за организација на учениците од различни возрасни групи во составот на еко-патролите за реализација на еколошката програма. Еко-патролите подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.

12. Поддршка на учениците

Постигнувања на учениците

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава.

Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокота општествена јавност како на пример: учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и слично. За учениците од завршните години се организираат разни форми на професионална ориентација.

Превентивна програма против насилство

Целта на оваа програма е да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите. (прилог)

Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувсвуваат пријатно. За таа цел:

- во училиштето е организирано дежурање на наставници
- обезбедено е место за евакуација на учениците и вработените во тревнатиот фудбалски стадион
- Наставникот Илија Петровски и хаусмајсторот Васко Јовановски се стекнати со сертификат за безбедност и пружање на прва помош
- Забрането е доаѓање и паркирање на учениците со сопствени моторни возила
- Во училиштето има 24 часовна стражарска служба

Цел – посебна

-превенирање и намалување на криминогеното и деликвентското однесување во училиштето
-превенирање и намалување на степенот на насилство во училиштето
-зголемување на толеранцијата и развивање на меѓуетничка, меѓурелигиска и интеркултурна комуникација
-информираност за препознавање на формите и причините за насилно и асоцијално однесување и отстранување на истите и подигање на свеста на вработените во училиштето
-јакнење на свеста на учениците, родителите и вработените во училиштето за потребата од учество во создавање на услови за безбедна средина
-јакнење на свеста на граѓаните кои живеат и работат во непосредната околина на училиштето, за активно вклучување во решавањето на безбедносните проблеми.

Резултати

-подобрено чувство за безбедност;
-подобрени вештини за разрешување на конфликтни ситуации и подигната свеста кај учениците, родителите и вработените во училиштето за сите можни форми преку кои се манифестира насилството;
-обучени лица од сите структури во училиштето за градење безбедност во училиштето, превенција,одржување на безбедноста, меѓуетничка толеранција, родовата еднаквост и развој на мултикултурализмот.

13. Грижа за здравјето

Хигиена во училиштето

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаат мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите, почитување на куќниот ред и др.

Систематски прегледи и имунизација

Во складот на оваа активност се предвидува учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени преку систематски прегледи и вакцинации, а по констатираните дијагнози да се превземат понатамошни медицински и други активности. Уште при самиот упис се бара и потврда за имунизација со цел да се утврди кои ученици не ја поминале истата.

Нашето Училиште со вклучување на наш кадар по физичко воспитание ќе се вклучи во соработка со лекарите во извршување на вежбите кај учениците кои имаат деформации на р'бетен столб, како и при други активности.

Во програмата на социологот е реализација на разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура. За таа цел е изработена програма за здравствено воспитување и заштита. (прилог).

Едукација за здрава исхрана

Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците ќе се запознаваат со начините за здрава исхрана. Исто така и активно ќе учествуваат во кампањата „Здрава храна за детство без мана" — со цел подигање на свеста и одговорноста за сопственото здравје одбележувајќи го меѓународниот ден на храната на 16 Октомври.

14. Училишна клима и односи во училиштето

Дисциплина

Со цел за подобрување на училишната дисциплина ќе бидат вклучени сите субјекти во училиштето како и родителите. Навремено ќе се преземаат конкретни мерки (идентификација на ученици кои ја реметат дисциплината, советодавни разговори со нив, вклучување на родителите, држурстава на наставниците). За дежурствата на наставниците ќе се изработи и распоред. Во книгата за дежурства ќе се води евиденција за тековните случувања.

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во многу сегменти од воспитно – образовната работа се води грижа за естетско уредување и одржување на просторот во училиштето. Притоа се вклучени сите субјекти во училиштето, а посебно учениците со цел да се развива мулти културализмот и подигнување на свеста за зачувување на околината.

Мулти-културализам

Се води грижа во реализацијата на сите активности да бидат вклучени ученици од сите етнички групи со цел меѓусебно запознавање и почитување на различностите.

Односи меѓу сите структури

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Покрај реализирани обуки за подобрување на комуникациските вештини се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии.

За таа цел, во учебната 2024/25 се предвидува организирање на две еднодневни екскурзии (есенска и пролетна) за сите ученици, кои ќе бидат со рекреативно-забавен и научен карактер. Во рамките на овие екскурзии се планира посета на Крушево, околината на Битола или Охрид и Струга. Во рамките на овие екскурзии се планира посета на Природно-научниот музеј во Струга и други знаменитости, посета на спортски објекти во општината и надвор од неа, посета на Институтот за тутун во Прилеп, посета на историскиот музеј во Скопје и др.

За учениците од трета се планира повеќе дневна комбинрана екскурзија во соработка со друго средно училиште од нашиот град, надвор од Р. С. Македонија. Со оглед на тоа дека бројот на ученици не го исполнува условот како бројка кој е поставен во Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од Средните училишта, се предвидува дека учениците кој ќе сакаат да патуваат на комбинрана екскурзија, надвор од Р. С. Македонија по претходно барање, одобрување и договор ќе се приклучат и ќе патуваат заедно со друго општинско

средно училиште. За истата оваа повеќе дневна комбинрана екскурзија со друго општинско средно училиште ќе се подготви соодветна ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИЈА.

